Врз основа на член 249-в став (9) од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15 и 17/16) министерот за здравство, утврди

**ТАРИФНИК**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И ЗА УВИД НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИНТЕГРИРАНИОТ ЗДРАВСТВЕН ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ**

**Член 1**

Со овој Тарифник се утврдува висината на надоместокот за користење и за увид на податоците од интегрираниот здравствен информатички систем.

**Член 2**

Висината на надоместокот за користење и за увид на податоците од интегрираниот здравствен информатички систем зависи од реалните трошоци за нивното изготвување, видот на податоците, содржината на податоците, формата на податоците (електронска/ писмена), количината на податоците (број на истоветни издадени податоци и број на критериуми).

**Член 3**

Според критериумите наведени во членот 2 од овој Тарифник, се определуваат следните надоместоци:

1. Потрошено работно време – надомест од 300 денари за 1 час работно време,
2. Податоци во електронска форма - надоместок од 20 денари за еден компакт диск (ЦД),
3. Податоци во хартиена форма – надоместок од 5 денари за една страна,
4. Издавање до 1.000 истоветни податоци
    а) До 3 критериуми (колони) надоместок од 300 денари,
    б) Од 4 до 6 критериуми (колони) надоместок од 600 денари,
    в) Повеќе од 6 критериуми (колони) надоместок од 1.000 денари,
5. Издавање од 1.001-5.000 истоветни податоци
    а) До 3 критериуми (колони) надоместок од 1.500 денари,
    б) Од 4 до 6 критериуми (колони) надоместок од 3.000 денари,
    в) Повеќе од 6 критериуми (колони) надоместок од 5.000 денари
6. Издавање над 5001 истоветни податоци
    а) До 3 критериуми (колони) надоместок од 2.100 денари,
    б) Од 4 до 6 критериуми (колони) надоместок од 4.200 денари,
    в) Повеќе од 6 критериуми (колони) надоместок од 7.000 денари

**Член 4**

Пресметката за висината на вкупниот надоместок се прави на тој начин што се врши збир на соодветните надоместоци наведени од член 3 на овој Тарифник.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе отпочне да се применува од денот на објавувањето на интернет страницата на Министерството за здравство.

Бр. 17-4577/1

16-05-2016 година

**МИНИСТЕР,**

Никола Тодоров

Изработил:
Горан Кочински
Контролирал:
Жаклина Чагороска
Одобрил:
Милан Аризанкоски